Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
Бр. 04-46/9
11.2 2021 год.

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019 и 14/2020), Претседателот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување по интерниот оглас бр.02/2021

1.По спроведената постапка за унапредување во Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка по интерниот оглас за унапредување на административни службеници бр.02/2021 објавен на ден 05.02.2021 година, на веб страната на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и веб страната на Агенција за администрација, се врши избор на следниот кандидат:

1. За работното место - Советник – одговорен сметководител, **се избира кандидатот Михајло Чункоски**;

2. Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение бр.04-46/6 од 09.02.2021 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр.18-1112/1 од 27.01.2021 година, од Министерството за финансии објави интерен оглас за унапредување на административни службеници бр.02/2021 на ден 05.02.2021 година на веб страната на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и веб страната на Агенција за администрација

На објавениот интерен оглас бр.02/2021 за унапредување на административни службеници на едно работно место и тоа: Советник – одговорен сметководител –1 извршител, се пријавил само 1 кандидат.

На ден 10.02.2021 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-46/6 од 09.02.2021 година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставените пријави и приложените докази на

пријавениот кандидат и изготви Записник од административна селекција Бр.04-46/7 од 10.02.2021 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 10.02.2021 година, Комисија за селекција за унапредување спроведе интервју со кандидатите и состави Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-46/8 од 10.02.2021 година, со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до претседателот на Државната комисија достави Записник од административна селекција Бр.04-46/7 од 10.02.2021 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-46/8 од 10.02.2021 година, со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на наведеното, претседателот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатот;

-архивата на Државната комисија